# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

## Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

# Записник од шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

**10ти декември 2025**
**Клуб на пратеници, Скопје**

**Арх.Бр. 20-_________/_____**
**____ . ____ . 2025**

Co-funded by the European Union
IPARD
ИПАРД Програма 2021-2027
IPARD Programme 2021-2027
Ко-финансирано од Северна Македонија

## I. Листа на учесници

**Борче Серафимовски -** Претседавач на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027.

**Присутни членови на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:**

1. **Виолета Михајлоска -** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Маја Лазареска -** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Александра Славковска -** Министерство за социјална политика, демографија и млади;
4. **Игор Мојаноски -** Министерство за транспорт;
5. **Африм Шаини** - Министерство за животна средина и просторно планирање;
6. **Ардиана Абази Рамадани** - Министерство за економија и труд;
7. **Евгенија Серафимова Кирковски** - Министерство за европски прашања;
8. **Пеце Стојковски** - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
9. **Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина – УКИМ;
10. **Марина Нацка** - Факултет за земјоделски науки и храна – УКИМ;
11. **Перо Моцан** - Вина од Македонија;
12. **Стеванче Јорданоски** - Национална федерација на фармери;
13. **Сашо Крцоски -** Мрежа на млади фармери;
14. **Елена Младеновска Јеленковиќ** - Стопанска комора на РСМ;
15. **Петар Ѓоргиевски** - Мрежа за рурален развој;
16. **Арбен Халили** - Стопанска комора на северо- западна Македонија;
17. **Јелена Спасова** - Занаетчиска комора на РСМ;
18. **Горан Несторoски** - Здружение Рурална коалиција Кичево;
19. **Васка Мојсовска** - Сојуз на стопански комори на Македонија;
20. **Горан Митев** - Асоцијација на земјоделци.
21. **Сашо Ристески** - Македонска асоцијација на преработувачи.
22. **Раметула Ферати** - Универзитет Тетово.

**Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:**

1. **Нуредин Исмаили** - Министерство за локална самоуправа;
2. **Дејан Котевски** - Министерство за култура и туризам;
3. **Соња Ѓуровска** - Агенција за храна и ветеринарство;
4. **Даниела Тодевска** - Земјоделски факултет- Штип

**Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:**

1. **Зиго Рутковскис -** Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Винсент Кордоние -** Директорат за земјоделство и рурален развој.

**Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:**

1. **Рафаел Нивергелт** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
2. **Маргарита Делева -** Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија.

**Претставници од НАО и НФ:**

1. **Сузана Пенева -** Национален координатор за авторизација;
2. **Александра Симјаноска -** Министерство за финансии;
3. **Владо Караманолевски -** Министерство за финансии;
4. **Зорица Јосифоска Мерџаноска** - Министерство за финансии;
5. **Александра Наковска** - Министерство за финансии;
6. **Лилјана Цветаноска** - Министерство за финансии;
7. **Елизабета Манушева Апостоловски** - Министерство за финансии

**Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ со ИПАРД):**

1. **Живко Брајковски -** Раководител на Телото за управување со ИПАРД;
2. **Оливер Стефановски -** Помошник Раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
3. **Виктор Младеновски -** Одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. **Јасмина Хаџибулиќ -** Одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. **Гордана Смилеска -** Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. **Златко Колевски -** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Јагода Маринковиќ -** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Габриела Петрова -** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Александар Антески -** Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
10. **Душко Јакимовски -** Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. **Иса Имишти -** Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Саџиде Демир** - Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;

**Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):**

1. **Даниела Иротова Лазарева –** в.д. Директор на АФПЗРР;
2. **Марија Благоева -** АФПЗРР**;**
3. **Славко Милошевски -** АФПЗРР**;**
4. **Марија Благоева -** АФПЗРР;
5. **Панче Арсов** - АФПЗРР;
6. **Елена Гаврилоска** - АФПЗРР;
7. **Ивана Цавироска** – АФПЗРР.

**Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):**

1. **Љубица Локвенец** - Ревизорско Тело;
2. **Филип Филиповски -** Ревизорско Тело**;**

| |
|---|
| **Резултати: од вкупно 32 членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027, на шестиот состанок учествуваа: претседавачот на комитетот, 22 членови и 4 заменици на членови. Согласно член 8 став (3) од деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.** |

***Листата на присутност на членовите од шестиот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 е прикажана во прилог 1 од овој записник.***

***Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.***

## II. Дневен ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

| Бр. | Време | Предлози за точки на дневен ред | Презентира: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | 09:00 - 09:30 | Потврда за присуство на членови/заменици на состанокот и постигнат кворум за одржување на состанокот согласно деловникот за работа | ТУ со ИПАРД | |
| | 09:30 - 09:45 | Отворање на состанокот | Претседавач, Поздравни зборови претставник од одделение Г4, ГД за земјоделство, Европска Комисија | |
| 1 | 09:45 - 09:50 | Усвојување на дневниот ред | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 09:50– 10:00 | Усвојување на записникот од претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III Програмата | Претседавач | Конечен записник |
| 3 | 10:00 – 10:10 | Информација за назначување на нови членови | Претседавач | Презентирано на состанок |
| 4 | 10:10- 10:20 | Информации за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 5 | 10:20- 10:30 | Комитет за следење на ИПА<br>а)Следење, повратни информации од Комитетот за следење на ИПА/ Секторски мониторинг комитет за конкурентност и иновации, земјоделство и рурален развој и енергетика | НИПАК | Презентирано на состанок |
| 6 | 10:30- 10:50 | Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји | ГД за земјоделство | Презентирано на состанок |
| 7 | 10:50 - 11:20 | Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027<br>а) Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење и табели | ТУ со ИПАРД | ТУ со ИПАРД извештај |
| | 11:20- 12:00 | б) Извештај за резултатите од јавните повици 01/2023, 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027<br>в) План на активности и повици во 2026 година (вклучувајќи и акциски план за подобрување на искористеност)<br>г) Информација за состојбата со акредитација на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027 | ИПАРД Агенција<br>ИПАРД Агенција<br>НАО, ИПАРД Агенција, ТУ со ИПАРД | ИПАРД Агенција извештај<br>Презентирано на состанок |
| 8 | 12:00 - 12:10 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата | НАО | НАО извештај |
| 9 | 12:10 – 12:30 | Информација за контроли<br>а) Контроли и направени ревизии<br>б) Следење на преземени активности<br>в) Годишен ревизорски извештај | ИПАРД Агенција/Ревизорско тело | ИПАРД Агенција извештај /РТ извештај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | 12:30 - 12:40 | План за видливост и комуникација<br>а) Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2025 година<br>б) Годишен акциски план за комуникација и публицитет за 2026 година (само за информативни цели) | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 11 | 12:40 - 13:20 | Преглед на спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027<br>а) Презентација на финалниот извештај од Ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020 | ТУ со ИПАРД<br>Евалуаторски тим | Презентирано на состанок<br>Презентирано на состанок |
| 12 | 13:20 - 13:40 | Активности за техничка помош<br>а) Преглед на реализација на активности од АПТА 2025<br>б) Индикативен годишен акциски план - АПТА за 2026 (само за информативни цели) | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 13 | 13:40 - 14:00 | Разно | Претседавач | |
| 14 | 14:00 - 14:10 | Предлози за дневен ред за следниот состанок/договор за нов датум | Претседавач | |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

**Отварање на состанокот**

Винсент Кордоние, заменик раководител на одделението Г4 при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД АГРИ), ја поздрави одлуката на НАО за запирање на исплатите од ИПАРД Програмата, донесена на 7ми ноември, како и превемените мерки од националните власти во РСМ. Тој информираше дека Европската Комисија одлучи да ги замрзне плаќањата за трошоците кои се пријавени во декларацијата за третото тромесечје од 2025 година. Ова е стандардна превентивна мерка и истата претставува надополнување на мерката која што веќе ја превзема НАО. Целта на двете мерки е да се заштитат финансиските интереси на ЕУ. Тој додаде дека Комисијата е во постојан контакт со националните власти и дека се подготвени да ги подржат земјоделците и целокупниот сектор во РСМ откако ќе бидат уверени дека буџетот на ИПАРД се троши почитувајќи ги правилата на здрав финансиски менаџмент.

**Во врска со точка 1 од дневниот ред “Усвојување на предлог дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III":**

Членовите на комитетот немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД III го усвои дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III.**

**Во врска со точка 2 од дневниот ред: “Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД III":**

Претседавачот на Комитетот, Борче Серафимовски, информираше дека записникот од претходниот состанок на комитетот одржан на 21ви мај 2025 година е доставен до членовите на комитетот на 12ти јуни 2025 година. До 25ти јуни 2025 година до секретаријатот не беа доставени коментари од членовите.

На 18ти јули 2025 до секретаријатот пристигнаа насоки и коментари на записникот од претставниците на ЕК. Ажурирана верзија на записникот согласно дадените насоки и коментари е објавена на веб страната на Секретаријатот - Телото за управување со ИПАРД.

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

**Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД III го разгледа и усвои записникот од претходниот, петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III како конечен.**

**Во врска со точка 3 од дневниот ред: “Информација за назначување на нови членови ".**

Претседавачот на Комитетот, Борче Серафимовски информираше во однос на новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021- 2027.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на назначувањето на нови членови на Комитетот за следење на ИПАРД III.**

**Во врска со точка 4 од дневниот ред: "Информација за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД III".**

Претседавачот на Комитетот, Борче Серафимовски информираше дека во периодот помеѓу состаноците на Комитетот, а врз основа на Член 13 од Деловникот за работа, во три наврати Комитетот за следење донесе одлука по пат на пишана постапка.

Во два наврати, јуни и август 2025 година, се донесе одлука по пат на пишана постапка за измена на акцискиот план за спроведување на активности финансирани од мерката техничка помош (АПТА) за 2025 година од ИПАРД Програмата 2021-2027.

Во јуни 2025 година, Комитетот за следење донесе одлука по пат на пишана постапка за одобрување на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2024 година.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД III.**

**Во врска со точка 5 од дневниот ред: "Комитет за следење на ИПА".**

**(а) Следење, повратни информации од Комитетот за следење на ИПА":**

Во врска со Комитетот за следење на ИПА, одржан на 2ри април 2025, претставникот на Националниот ИПА Координатор, Евгенија С. Кирковски, информираше за состанокот на Секторскиот мониторинг комитет за конкурентност и иновации, земјоделство и рурален развој и енергетика кој се одржа на 5ти ноември 2025 година. Она што беше констатирано на самиот состанок е дека заклучоците и препораките од претходниот состанок не се исполнуваат онака како што се договорени. Истите беа повторно констатирани на состанокот но со продолжени рокови. Во делот на земјоделство и рурален развој беа донесени следниве заклучоци:

- Проектот за рендеринг станицата се откажува;
- Новиот правилник за внатрешна организација и ситематизација како и соодветните органограми треба да се усвојат од МЗШВ најдоцна до јуни 2026 година;
- Законот за земјоделство и рурален развој како и Законот за шуми мора да се усвојат во вториот квартал од 2026 година;
- Подзаконските акти од советодавните услуги во земјоделството треба да се донесат до крајот на вториот квартал од 2026 година, додека Стратегијата за одржлив развој во шумарството и соодветниот акциски план кој што би покрил 20 годишен период треба да се заврши до крајот на 2026 година.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.**

**Во врска со точка 6 од дневниот ред: ,,Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји".**

Претставникот на ГД АГРИ, Зиго Рутковскис ги презентираше резултатите од спроведувањето на ИПАРД **II** и ИПАРД **III** во земјите од западен Балкан и Турција. Тој ги пофали остварените резултати од спроведувањето на ИПАРД **II** кои се подобри од ИПАРД **I**. Преку овие презентации, учесниците на состанокот можеа да го видат статусот со мерките (акредитирани и оние кои се во процес на акредитација), јавни повици како

и степен на искористеност на финансиските средства од ИПАРД 3 Програмата. Г. Рутковскис додаде дека не се задоволни со бавната стапка на апсорпција односно искористеност на средствата и ја истакна генералната препорака која ја споделуваат со сите земји дека треба апсорпцијата на средствата да се забрза.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на спроведувањето на ИПАРД во сите земји.**

**Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2021- 2027".**

**Во врска со потточка 7(а) од дневниот ред: "Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење и табели":**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Виктор Младеновски детално ги презентираше општите информации за спроведувањето на ИПАРД програмата 2021-2027, нејзините мерки, сектори по мерка, видови активности и регионална/географска распределба на ИПАРД поддршката.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД III Програмата преку податоци и показатели за следење.**

**Во врска со потточка 7(б) од дневниот ред: "Извештај за резултатите од јавните повици 01/2023, 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027".**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Славко Милошевски детално ги презентираше резултатите од јавните повици 01/2023, 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027. Во однос на јавниот повик 01/2023 тој информираше дека главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и неодветност на барањата. Поконкретно во овој повик при проверка на комплетноста на самите барања беше забележано дека голем број на барања беа одбиени бидејќи не беше доставен „Доказ дека против корисникот не е покрената кривична постапка (Регистар за кривична евиденција Основен кривичен суд). Заради големиот број на барања и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, беше применето рангирање на барањата согласно критериумите за селекција од ИПАРД **III** програмата.

Вториот јавен повик за ИПАРД 2021-2027 програмски период за мерка 3 беше објавен на 13.04.2024 и беше отворен до 12.06.2024. Овој јавен повик се уште е во фаза на реализација.

Во фаза на реализација е и јавниот повик 02/2024 кој се однесува на мерка 7, додека пак јавниот повик 01/2025 е во фаза на обработка.

Во однос на исплатата, претставничката на ИПАРД Агенцијата, Елена Дамјановска информираше дека за целиот ИПАРД **III** програмски период пристигнати се вкупно 21 барање за авансна исплата, 344 барања за исплата од кои авторизирани се 289 барања за сите мерки (1, 3, 7 и 9). Вкупен исплатен износ на ЕУ дел изнесува 8,6 милиони €.

Во врска со оваа потточка, беа усвоени следните заклучоци:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на резултатите од јавните повици 01/2023, 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027.**

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на планот на активности и повици во 2026 година (вклучувајќи и акциски план за подобрување на искористеност).**

**Во врска со потточка 7(г) од дневниот ред: "Информација за состојбата со акредитација на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027".**

Националниот координатор за авторизација, Сузана Пенева информираше дека барањето за доверување на правото за управување со буџетот за мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура" беше поднесено до ЕК/ГД Агри кон крајот на октомври меѓутоа, поради новонастанатата состојба од страна на ЕК е добиен одговор дека барањето е ставено на чекање до разрешување на тековната состојба во ИПАРД Агенцијата. Во однос на ЛИДЕР мерката процесот ќе се рестартира во наредниот период. Исто така, стопирани се сите активности во однос на мерката „Агроеколошки-климатски мерки и органско производство". Поголем фокус на оваа мерка ќе се стави во втората половина на 2026 година.

Таа додаде дека по издавањето на суспензијата на плаќањата од ИПАРД, тим на Министерството за финансии е секодневно во ИПАРД Агенцијата каде што се прават контроли на склучените договори, како и на исплатеното од страна на ИПАРД Агенцијата во однос на ИПАРД 3 Програмата. Врз основа на официјалното барање од страна на Брисел добиено на 9ти декември 2025 година, опфатот на предмети што треба да бидат предмет на контрола треба да се прошири до јуни/јули 2024 година, односно, од кога е назначен претходниот директор на ИПАРД Агенцијата. Таа додаде дека првичен план беше заедно со колегите од Ревизорското Тело да спроведат контроли и до крајот на декември 2025 да доставаат извештај до ЕК. Извештајот би ги опфаќал сите наоди и слабости, како и препораки за надминување на истите, по што би се продолжило со имплементацијата на ИПАРД III Програмата. Меѓутоа, на 9ти декември 2025 година, службите на Комисијата донеле одлука за прекин на исплатите од ИПАРД, што во блиска иднина треба и да се официјализира. Таа испрати порака дека оваа состојба треба да биде научена лекција за сите и да не подлегнуваат на било какви коруптивни барања.

Вршителот на должност Директор на ИПАРД Агенцијата, Даниела Иротова ја истакна брзата реакција на системот, односно, самиот систем покажал дека е доволно оперативен за да реагира веднаш по откривање на слабости.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на состојбата со акредитација на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027.**

**Во врска со точка 8 од дневниот ред: "Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата".**

Претставникот на НАО-УС, Александра Симјаноска информираше за спроведените контроли од страна на НАО. Дел од нив беа на терен кај самите корисници, дел во ИПАРД Агенцијата, како и контроли на процесот на рангирање на последниот оглас. Контролите ќе продолжат секако, со фокус на тековната состојба.

Претставничката на МЗШВ, Виолета Михајлоска ја пофали досегашната имплементација на ИПАРД **III** Програмата истакнувајќи дека нашата земја е втора во регионот, односно по Турција. Таа замоли за трпение и разбирање сè додека не се реши тековната состојба.

Вршителот на должност Директор на ИПАРД Агенција, Даниела Иротова додаде дека покрај внатрешните проверки, ќе се превземат и други активности во договор со НАО и останати институции сè со цел проверките кои ги бара Брисел да се направат во најкраток можен рок.

На прашањето на претставникот на МАП, Сашо Ристески, дали може да се предвиди временска рамка кога оваа состојба ќе се реши, в.д. директорката на ИПАРД Агенција, Даниела Иротова одговори дека земајќи во предвид дека треба да се проверат околу 400-500 договори, решенија за исплата, се зависи од телото кое што ќе ја спроведе ревизијата, без разлика дали тоа ќе биде ДЗР, НАО или ќе се ангажираат дополнително луѓе.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработената камата.**

**Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Информација за контроли".**

**Во врска со потточка 9(а) од дневниот ред: “Контроли и направени ревизии”:**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Панче Арсов  информираше во однос на извршените контроли на терен како и утврдените неусогласености при самите контроли.

**Во врска со подточка 9(б) од дневниот ред: “Следење на преземени активности”:**

Претставникот на ИПАРД Агенција, Марија Благоева информираше за спроведените ревизии во 2025 година.

**Во врска со подточка 9(в) од дневниот ред: “Годишен ревизорски извештај”:**

Претставникот на Ревизорското Тело, Љубица Локвенец информираше во однос на превземените активности од страна на Ревизорското Тело во текот на 2025. Таа додаде поради новонастанатата состојба, Ревизорското Тело паралелно покрај редовните активности кои мора да ги спроведе, се вклучи и во дополнителни активности за да имаме разумно уверување дека системот функционира.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше во однос на контролите, направените ревизии, следењето на превземените активности и годишен ревизорски извештај.**

**Во врска со точка 10  од дневниот ред: "План за видливост и комуникација".**

**Во врска со потточка 10 (а) од дневниот ред: “Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2025 година”:**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД **III** Програмата, предвидени во годишниот акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД **III** Програмата година за 2025 година.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за активностите од годишниот акциски план за комуникација и публицитет.**

**Во врска со потточка 10 (б) од дневниот ред: "Годишен акциски план за комуникација и публицитет за 2026 година (само за информативни цели)":**

Претседавачот на Комитетот, Борче Серафимовски информираше дека имајќи ги во предвид тековните околности, оваа потточката е од информативен карактер и за истата нема да се носи одлука. Во првата можна прилика во периодот по овој состанок, предлогот за Акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2026 година ќе биде повторно доставен до членовите на Комитетот со цел за истиот да се донесе одлука по пат на пишана процедура.

Предлогот за Акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2026 беше презентиран од страна на Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за Акцискиот план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2026 година.**

**Во врска со точка 11 од дневниот ред: ,,Преглед на спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027".**

**Во врска со потточка 11 (а) од дневниот ред „Презентација на финалниот извештај од Ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020":**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески информираше во врска со Ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020, имајќи во предвид дека согласно Секторската спогодба, обврска на секоја земја корисничка на ИПАРД е да изготви ex post евалуација на спроведената ИПАРД Програма. Оваа активност беше спроведена со ангажирање на надворешни експерти преку мерката Техничка помош. Во тек на месец декември 2025, до Европската Комисија ќе биде доставен финалниот извештај за ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Извештајот беше детално презентиран од страна на експертите кои го изготвија.

Во однос на препораките од самиот извештај, Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски информираше дека секој кој е засегнат ќе изготви акциски план со предвидени активности и рокови за нивна реализација.

Претставничката на Сојуз на стопански комори, Васка Мојсовска, предложи времето потребно за расчистување на новонастанатата состојба да се искористи за подобрување на условите за аплицирање на следните повици. Овој предлог беше поддржан и од страна на г-дин Рутковскис.

Во врска со оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 13: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027.**

**Точка 12 од дневниот ред "Активности за техничка помош".**

**Во врска со потточка 12(а) од дневниот ред: „Преглед на реализација на активности од АПТА 2025" и потточка 12(б): „Индикативен годишен акциски план - АПТА за 2026 (само за информативни цели)":**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски информираше за реализираните и тековни активности од АПТА за 2025.

Имајќи ги во предвид тековните околности, во првата можна прилика во периодот по овој состанок, предлогот за АПТА 2026 ќе биде повторно доставен со цел за истиот да се донесе одлука по пат на пишана процедура.

За да се подобри медиумската покриеност односно информираност за земјоделскиот сектор во нашата земја, претставничката на Стопанска комора на Северна Македонија, Елена Младеновска Јеленковиќ, предложи во АПТА-та за 2026, да се воведе обука за новинари. Г-дин Брајковски одговори дека предлогот ќе биде разгледан.

Во врска со оваа потточка, беа усвоени следните заклучоци:

**Заклучок бр. 14: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за реализираните активности од АПТА-та за 2025 година .**

**Заклучок бр. 15: Комитетот за следење на ИПАРД III се информираше за предлогот АПТА за 2026 година.**

**Точка 13 од дневниот ред “Разно”:**

Во однос на оваа точка, не беше покрената дискусија.

**Во врска со точка 14 од дневниот ред "Предлог на дневен ред за следниот седми состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум“:**

Претседавачот информираше дека датумот за следниот состанок ќе биде договорен во согласност со достапноста на претставниците на ЕК.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| **ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027:** | **ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ:** |
|---|---|
| **Борче Серафимовски** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |

**Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027**

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Борче Серафимовски Претседавач | МЗШВ | √ | | | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Перица Иваноски | МЗШВ | / | / | | 1 |
| 3 | Младен Колариќ | МЗШВ | / | / | | 1 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 5 | Виолета Михајлоска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 6 | Евгенија Серафимовска Кирковски | Министерство за европски прашања | √ | | | 0 |
| 7 | Ардиана Абази Рамадани | Министерство за економија | √ | | | 0 |
| 8 | Елизабета Стојкоска | МЛС | / | √ | Нуредин Исмаили | 0 |
| 9 | Рефет Амети | МК | / | √ | Дејан Котевски | 0 |
| 10 | Африм Шаини | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Игор Мојаноски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12 | Александра Славковска | Министерство за труд и социјална политика | √ | | | 0 |
| 13 | Ѓоко Ѓорчевски | АХВ | / | √ | Соња Ѓуровска | 0 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Пеце Стојковски | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15 | Маја Тасева | Агенција за поддршка на претприемништвото | / | / | | 2 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Елена Младеновска Јеленковиќ | Стопанска комора на Македонија | √ | | | 0 |
| 17 | Васка Мојсовска | Сојуз на стопански комори | / | / | | 2 |
| 18 | Стеванче Јорданоски | Национална федерација на фармери | √ | | | 0 |
| 19 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 20 | Наташа Вртеска | Заедница на единиците на локалната самоуправа | / | / | | 1 |
| 21 | Марина Нацка | Факултет за земјоделски науки и храна | √ | | | 0 |
| 22 | Јелена Спасова | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | √ | | | 0 |
| 23 | Љупчо Михајлов | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | / | √ | Даниела Тодевска | 0 |
| 24 | Марина Тошеска | Агро-Лидер | / | / | | 1 |
| 25 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28 | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | / | / | | 1 |
| 29 | Горан Нестороски | Здружение Рурална коалиција Кичево | √ | | | 0 |
| 30 | Горан Митев | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 31 | Перо Моцан | Вина од Македонија | √ | | | 0 |
| 32 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо- западна Македонија | √ | | | 0 |
| 33 | Раметула Ферати | Универзитет во Тетово | √ | | | 0 |
| ВКУПНО: | | | 22 | | | |

**Прилог 2: Листа на набљудувачи**

**Претставници на владини институции:**

- **Александар Димитровски -** МЗШВ;
- **Елена Новачка -** Кабинет на Премиер на Влада на РСМ.

**Претставници на економски оператор „Ecorys" ангажирани за Ex-post евалуација на ИПАРД 2:**

- **Мортен Квистгард;**
- **Ана Котевска;**
- **Александра Мартиновска Стојческа**.